ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ASSOCIATION OF MACEDONIANS IN REPUBLIC OF CROATIA
CROATIA, ZAGREB, Masarykova 16/1, tel/fax: + 385 1 48 72 655; OIB: 07739533563; MB: 3805760;
Žiro račun: 2340009 – 1100038804; Devizni račun: 703000 – 256122;
IBAN: HR60 2340 0091 1000 3880 4; SWIFT: PBZGHR2X;
web: www.zmurh.hr ; e-mail: zajednica.makedonaca1@zg.t-com.hr ; zmurh.hr@gmail.com

Урброј: ЗМ – 147 – 1/2013
Загреб, 26. 10. 2013.

# З А П И С Н И К

од **5. седница** на Управниот одбор на Заедницата која се одржа на ден **26.10.2013 година** со почеток во **12.55 часот** во просториите на Заедницата на Македонците во РХ, во Масарикова 16/1, Загреб.

**Присутни членови:** Орце Ламбевски – претседател на Заедницата, Ангел Митревски – Сплит, Благој Штерјов – Загреб, Мирјана Мајиќ – Задар, Крсте Атанасовски – Осиек и Милена Златеска – Пула.

**Отсутни членови:** Велимир Лозановски – Риека.

**Гости на седницата:** Елизабета Петровска – секретар на Заедницата.

Седницата ја водеше претседателот на УО на Заедницата, О. Ламбевски. По утврдувањето дека на седницата присуствува доволен број членови за донесување правно важечки одлуки (кворум), тој ги поздрави сите присутни, го прочита дневниот ред за истата и членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија**, па седницата продолжи со работата по следниов:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на записникот од 4. седница на УО;
2. Информатор за план и програма на активностите на друштвата за изминатиот период од претходната седница до денес и за период од 01.10.-31.12.2013.– друштвата се должни својот информатор да го поднесат најкасно три дена пред седницата по електронска пошта;
3. Усвојување на „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2013. godine (Obrazac K3)“ со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
4. Договор околу реализацијата на програмите во 2013 година и усвојување на донесените одлуки;
5. Договор за Финансиски план и План и програма на работа за 2014 година од Заедницата и Друштвата за Јавниот повик за предлагање програми за 2014 година од Советот за национални малцинства на РХ и усвојување на донесените одлуки;
6. Именување на инвентурна комисија која ќе спроведе инвентура за имотната состојба на Заедницата за 2013 година и ќе направи записник;
7. Разно.

**Ад. 1.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно го усвоија** записникот од 4. седница на УО (прилог).

**Ад. 2.** Информаторот беше подготвен и проследен по електронска пошта од друштвата од Задар, Осиек, Загреб и Сплит, и Заедницата (прилог). Друштвото од Риека својот информатор го достави на денот на седницата, а Друштвото од Пула не го достави својот информатор. Се поведе дискусија. Митревски даде забелешка дека Друштвото од Сплит е против одлуката за идната година да се спојува „Денот на ЗМРХ" со одбележувањето на годишнината од трагичната смрт на Тоше Проески во Нова Градишка и дека тие немаат ништо против да се одбележи тој датум, но не со концерт како што се реализира оваа манифестација. Престедателот Ламбевски рече дека за реализација на две одделни случувања најверојатно нема да се добијат доволно средства, а со овогодишното реализирање на „Денот на ЗМРХ" во Нова Градишка достојно се одбележа и годишнината од трагичната смрт на Тоше Проески и дека доби само позитивни критики и од Друштвата и од Градот Нова Градишка, а и од многубројните медиуми што го проследија настанот. Мајиќ беше со мислење дека годишнината од трагичната смрт на Тоше Проески и треба да се одбележи со концерт посветен во негова чест, како што се прави тоа и во Македонија. Во врска со предлогот за соработка со здружението „Просперикон" за пријава на проекти кон ЕУ фондовите (прилог), претседателот Ламбевски информираше дека во заемниот разговор се дошло до заклучок дека тие би можеле да изработат пријави за Заедницата за два проекти, „Летно училиште по македонски јазик со работилници за деца" и „Македонски глас".

**Ад. 3.** За кварталниот финансиски извештај на Заедницата „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2013. godine (Obrazac K3)" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози (прилог), Петровска рече дека е уредно и навремено изработен, како и „Izvješće o ostvarivanju programa i utrošku sredstava Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2013. godine" кое е исто така, уредно изработено за потребите на Заедницата (прилог). Своите извештаи ги предадоа и Друштвата од Задар, Осиек и Загреб. Петровска ги информираше присутните со уште колку средства Заедницата располага до крајот на годината и со остварувањето на сите планирани овогодишни програми, се предвидува дека на жиро сметката за Советот нема да останат средства за пренос во идната година. Одреден дел од средствата ќе бидат потрошени и од првата жиро сметка на Заедницата за подмирување на финансиските обврски. Атанасовски рече дека обврската од 20% за автобусите за Илинден и Денот на ЗМРХ во вкупен износ од 2.020,00 кн. ќе биде подмирена со следниот трансфер во ноември, а Митревски рече дека долгот во вкупен износ од 11.625,40 кн. ќе го подмири до крајот на годинава. Повторно се апелираше на рационално трошење во рамките на добиените средства. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се усвојува „Kvartalni financijski izvještaj Zajednice za razdoblje od 01.01.-30.09.2013. godine (Obrazac K3)" со трошковниците, патните налози, авторските хонорари и останатите прилози;
- Се одобрува да се исплатат патни трошоци за патот од Пула за „Денот на ЗМРХ" во износ од 2.304,00 кн, без обврска на плаќање 20% (**со 5 гласа за и 1 воздржан – Б. Штерјов**).

**Ад. 4.** По оваа точка во главно се расправаше за програмите „Рацинов ден – Бели мугри", „Трибина" и „Македонски глас". Претседателот Ламбевски за „Македонски глас" рече дека можеби и МНР на РМ финансиски ќе го поддржи проектот до крајот на оваа година, по пријавата што беше упатена од Заедницата на нивниот втор Јавен повик. Исто така, тој информираше за проектот од Советот на МНМ за Град Загреб за излагање списанија и книги на изложбен штанд на загрепскиот саем „Интерлибер" што ќе се одржи од 12-17 ноември, а кој ќе биде релизиран во соработка со Заедницата. Се даде предлог и 20-

годишнината од издавањето на „Македонски глас“ да се одбележи на саемот, па би требало до тогаш и Митревски да ги врати позајмените броеви на списанието. За „Рацинов ден – Бели мугри“ Штерјов рече дека ќе се одржи на 23 ноември во Самобор, а се предвидува полагање венци пред споменикот, изложба за Кочо Рцин, предавање за неговиот живот и дело, и настап на пејачката секција „Моми бисерни“. Митревски рече дека има уште една изложба „Скопје '63“ со фотографии од земјотресот во Скопје и кој сака може да ја преземе од Сплит. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ја донесоа следната одлука:**

- Кога се полагаат венци цвеќе за некоја пригода, во службениот протокол да се полагаат само од Заедницата и Друштвото-домаќин.

**Ад. 5.** Во врска со оваа точка, се рече дека Јавниот повик за предлагање програми за 2014 година до Советот за национални малцинства на РХ сè уште не е објавен, но се очекува да биде во наредните две недели. Финансискиот план како и Планот и програмата на работа на Заедницата за 2014 година ќе бидат усогласени со истите на друштвата и како прилози на пријавата ќе се доставaт во Советот. На Јавниот повик за пријава на програми за јавни потреби во културата на Град Загреб за 2014 година од Градската канцеларија за образование, култура и спорт на Град Загреб, се аплицираше од Заедницата за претставување на книги од македонски автори во Загреб. За предлагањето програми до Советот, претседателот Ламбевски рече дека за идната година би требале друштвата финансиски да се изедначат, бидејќи сите истиот труд го даваат и не е праведно некои да добиваат помалку, а некои повеќе средства. На друштвата пак, останува што поквалитетно да ги предложат своите програми. По дискусијата, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Предлог-пријава на културни манифестации за 2014 година на ниво на Заедницата до Советот: „Илинден 1903-2014“ во организација со МКД „Илинден“ во Горски Котар; „Денови на македонската култура – Св. Кирил и Методиј“ во организација со МКД „Македонија“ во Сплит; Изложба „Творештво на македонски уметници во Хрватска“ во организација со МКД „Билјана“ во Задар; „Ден на глаголицата“ во организација со МКД „Св. Кирил и Методиј“ во Пула; „Денови на браќата Миладиновци“ во организација со МКД „Браќа Миладиновци“ во Осиек и Ѓаково; „Рацинов ден – Бели мугри“ во организација со МКД „Охридски бисер“ во Самобор; „Ден на ЗМРХ“ во организација на Заедницата во Нова Градишка; и Трибина „Вистината – сведок на историјата“ или „Хрватско-македонска врата кон ЕУ“ во организација на Заедницата во текот на годината во Загреб, Осиек, Сплит, Задар, Риека и Пула; Предлог-пријава на информирање за 2014 година на ниво на Заедницата до Советот: „Македонски глас“; Предлог-пријава на издаваштво за 2014 година на ниво на Заедницата до Советот: книга поезија „Огниште“ од Милена Златеска; „Буквар 1“ и „Буквар 2“ (по 250 ком.) за децата од изборната настава по македонски јазик во Хрватска; „Македонски народни приказни“ во подготовка на Борислав Павловски и „Кратки фолклорни жанри од македонското народно творештво“ во подготовка на Елизабета Петровска.

**Ад. 6.** Членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки**:

- Да се направи инвентура на имовинската состојба на Заедницата во декември оваа година;
- За инвентурната комисија се именуваат: Ивана Лазаревска, Цветко Поповски и Виолета Штерјова (членови на МКД „Охридски бисер“).

**Ад. 7.** Под точката разно, членовите на УО со јавно гласање **едногласно ги донесоа следните одлуки:**

- Се разрешува Викторија Ѓорѓевска од членството на Редакцијата на списанието „Македонски глас" како досегашен дописник од Риека;
- Се именува Васил Тоциновски за член на Редакцијата на списанието „Македонски глас" и за дописник од Риека (врз основа на донесената одлука на седницата на УО на МКД „Илинден" од Риека од 17 јули, за разрешување на досегашниот дописник и член на Редакцијата на списанието „Македонски глас" и именување на нов – прилог);
- Се задолжува Ангел Митревски да достави мислење до Канцеларијата за човечки права и права на националните малцинства на РХ, за четвртиот извештај на РХ за спроведувањето на Рамковната конференција за заштита на националните малцинства (прилог);
- Заедницата не предлага кандидат за член на Советот за човечки права на народниот правобранител на РХ (прилог);
- Се даруваат 30 примероци од најновата книга „Вечни Миладиновци" на авторот Благоја Јовановски, по 10 примероци на Друштвото од Осиек и по 5 примероци на останатите друштва; продажната цена на книгата ќе изнесува 70,00 кн., а за јавен откуп до меродавните институции 160,00 кн.;
- Да се доделат благодарници на МПЦО „Св. Злата Мегленска" од Загреб и на протојереј Кирко Велински за придонес и афирмација на Заедницата, а по повод 20-годишнината од основањето на црковната општина, 10-годишнината од основањето на МПЦ во РХ и 10-годишнината од доаѓањето на протојереј Кирко Велински како редовен парохиски свештеник во РХ;
- Му се укинува одобрувањето на Ангел Митревски од Сплит, за две дневници за присуствување на седниците на УО на Заедницата во Загреб – ќе му биде исплатувана само една како и на сите други членови;
- Да се одговори на дописот пристигнат од МКД „Илинден" од Риека.

На крајот, Петровска на присутните им подели по еден примерок од најновата книга „Вечни Миладиновци" од Благоја Јовановски, а Митревски по еден ДВД со документарниот филм „Името е име" и туристички план на Град Скопје, подарок од првиот македонски дневен весник „Нова Македонија", па ги покани присутните на закуска по повод добиениот „Медал за заслуги за Македонија".

По ова, сите теми за дискусија беа исцрпени и претседателот Ламбевски ја затвори седницата.

Седницата заврши во **16.40** часот.

Записничар:

Дипл.инг. Елизабета Петровска,
секретар на Заедницата

Претседател на Заедницата:

Орце Ламбевски

ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
ZAGREB
ЗАГРЕБ